Во Одлуката за спроведување на стратегиска оцена на животната средина за Регионалниот план за управување со отпад во Источниот плански регион, која ја донесе Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад во Источниот плански регион, една од идентификуваните заинтересирани страни од имплементацијата на Регионалниот план за управување со отпадот е и Вашиот орган.

Во оваа прилика Ве известуваме дека Нацрт-Извештајот за стратегиска оцена на животната средина од спроведувањето на Регионалниот план за управување со отпад во Источниот плански регион и кратката верзија од Нацрт-Регионалниот план за управување со отпад во Источен плански регион се достапни за јавноста на web страната на Источниот плански регион:

www.eastregion.mk

лице за контакт: Живка Михајлова,

е-маил: mihajlova@probistip.gov.mk,

моб.тел.071 246 493.

Горенаведените документи се достапни за разгледување и во печатена верзија во просториите на Источниот плански регион и општините, кои припаѓаат кон истиот.

Како заинтересирана страна во постапката на стратегиска оцена на животната средина, Ве молиме во рок од 30 дена, од денот на објавување на Нацрт извештајот за стратегиска оцена на животната средина од реализација на Регионалниот план за управување со отпад за Источниот плански регион, да ни дадете Ваше мислење, забелешки и сугестии по изготвениот Нацрт-Извештај.

Доколку не доставите мислење во дадениот рок, ќе сметаме дека во целост се сложувате со содржината на Нацрт-Извештајот за стратегиска оцена на животната средина.

Дополнително ќе бидете известени за денот и местото на одржување јавна расправа за Нацрт-Извештајот за стратегиска оцена на животната средина од реализација на Регионалниот план за управување со отпад за Источниот плански регион.

Благодариме за Вашето учество и придонес во доследна реализација на барањата на стратегиската оцена на животната средина, кои произлегуваат од Законот за животна средина.

Со почит,

Меѓуопштински одбор за управување со отпад
во Источен плански регион
Претседавач,
Тони Тоневски

Регионален одбор за управување со отпад
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 01-1/12
11.06. 20 14 год.
Пробиштип

До
Министерство за животна средина и
просторно планирање
Сектор за одржлив развој
С К О П Ј Е

ПРЕДМЕТ: Доставување на Соопштение за организирање на јавна расправа по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Регионалниот план за управување со отпад во Источниот плански регион

Во прилог на овој Допис, а според член 61 став (4) и (8) од Законот за животна средина (Сл.весник на РМ бр.53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/12, 93/13, 187/13 и42/14), како и според член 4 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина (Сл.весник на РМ бр.147/08, 45/11), Ве известуваме дека во тек на спроведување е проектот **„Подготовка на регионални планови за управување со отпад и стратегиска оцена на животната средина за Источен и Североисточен плански регион**”, проект кој што е финансиран од Оперативната програма за регионален развој 2007-2009, Мерка 3.2-Воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад, Реф.број EuropeAid/130400/D/SER/MK.

За истиот проект од страна на Регионалниот одбор за управување со отпад во Источниот плански регион, се организира јавен увид и јавна расправа по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Регионалниот план за управување со отпад во Источниот плански регион. Воедно, Ве поканuваме да присуствувате на јавните расправи кои ќе се одржат според распоредот во соопштението за јавна расправа.

Во прилог на Дописот ви доставуваме:

- Соопштение број 01-1/11 од од 11.06.2014 година за јавна расправа по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Регионалниот план за управување со отпад во Источниот плански регион

Доставено до:

- Министерство за животна средина и просторно планирање
- Министерство за транспорт и врски
- Министерство за здравство
- Министерство за локална самоуправа
- ЗЕЛС
- Јавните комунални претпријатија во општините

Меѓуопштински одбор за управување со отпад
во Источен плански регион
Претседател,
Тони Тоневски

ПРИЛОГ 2

Записници од јавни расправи

Записник од јавна расправа во општина Делчево



Инструмент за претпристапна помош
на Европската Унија (ИПА)

Подготовка на регионални планови за управување со отпад и стратегиски оцени на животната средина за источниот и североисточниот регион

Записник од јавна расправа
17.06.2014 година
Делчево

EuropeAid/130400/D/SER/MK

Овој проект е финансиран од Европската Унија

ENVIROPLAN S.A.
Consultants & Engineers

Проект имплементиран од ENVIROPLAN S.A. и партнери од конзорциумот

Предмет:	**Записник од јавна расправа по Нацрт Извештајот за статегиска оцена на животната средина (СОЖС Извештај) и Нацрт Регионалниот план за управување со отпад за источниот плански регион**
Датум:	17.06.2014 година
Време:	14-15:30 часот
Локација:	Делчево (за општините: Делчево, Македонска Каменица, Берово и Пехчево)

Листа на учесници

Реден број	Име и презиме	Организација/институција
1.	Ване Митревски	ЈП Камена Река , Македонска Каменица
2.	Крум Николовски	Општина Делчево
3.	Ванчо Димовски	Општина Берово
4.	Зоран Нешкевски	Општина Берово
5.	Звонко Атанасов	Општина Делчево
6.	Николина Петровска Мавродиева	ЕЛС Делчево
7.	Стојмир Мицевски	Општина Делчево
8.	Татијана Стојчевска	Општина Делчево
9.	Јулијана Никова	Деконс Ема
10.	Eleni Ieremiadi	Enviroplan S.A.
11.	Theofanis Lolos	Enviroplan S.A.
12	Georgios Litas	Enviroplan S.A.
13.	Искра Стојанова	Деконс Ема
14.	Виолета Стојановска	Деконс Ема
15.	Ирена Апостолова	Enviroplan S.A.

Дневниот ред за јавната расправа е даден во Прилог 1 на овој записник.

ВОВЕД

Јавната расправа ја отвори и истата ја водеше г-ѓа Јулијана Никова, овластен експерт за СОЖС. Таа ги поздрави присутните и објасни дека целта на јавната расправа е презентирање на наодите од нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина (Извештај за СОЖС) и Нацрт Регионалниот план за управување со отпад за источниот плански регион (РПУО).

ПРЕЗЕНТАЦИИ

1) Вовед во Стратегиската оцена на животната средина (СОЖС): Цели и задачи на СОЖС, Правна рамка со која се регулира постапката на СОЖС, Интегрирање на постапките за подготовка на РПУО и СОЖС, СОЖС Методологија, Определување на потребата и обемот на СОЖС и учество на јавноста, Корелација на целите на РПУО со целите на други национални релевантни стратегии, планови и програми
Презентер: г-ѓа Јулијана Никова, овласент експерт за СОЖС

Во рамките на оваа точка од дневниот ред, г-ѓа Никова истакна дека Извештајот за СОЖС е дел од целата постапка за подготовка на Регионалниот план за управување со отпад, како и обврска која произлегува од Законот за животната средина. Стратегиската оцена на животната средина (СОЖС) е систематски процес во кој се земаат предвид одредени превентивни мерки, кои овозможуваат заштита на животната средина од сите можни аспекти, во процесот на

планирање или донесување на одлуки на ниво на „стратегиски акции“ или политики, планови и програми. Целта е да се обезбедат информации за значителните влијанија врз животната средина од имплементација на Планот и истите да бидат достапни до донесувачите на одлуки, во текот на подготовката на Планот и пред неговото донесување. Особено важен аспект е вклучување на јавноста во целата постапка на изработка на Регионалниот план за управување со отпад и постапката за СОЖС, со цел да се чујат ставовите на граѓаните во врска со предложените сценарија и начинот на управување со отпад. За таа цел, се изработува и Извештај од консултации со јавноста.

Постапката за СОЖС е дефинирана со Директивата за стратегиска оцена на животната средина(2001/42/ЕС) која е транспонирана во Поглавје X од Законот за животната средина и соодветни подзаконски акти. Истата се спроведува паралелно со подготовката на Планот. Интегрирањето на двата процеси е постигнато преку блиска соработка и вклученост на проектниот тим (СОЖС и РПУО), надзорниот одбор, договорните органи и одговорните тела за техничка имплементација и мониторинг на Планот во сите фази, преку преглед на литература, разгледување на технички и политички опции, преглед на состојбата во животната средина и оцена на опциите/сценаријата, утврдување на потребата и обемот на СОЖС, консултации со јавноста итн.

Методологијата за спроведување Стратегиска оцена на животната средина ги вклучува следните чекори: утврдување на потребата и обемот на СОЖС, подготовка на Извештај за СОЖС, консултации со јавноста, прифаќање на Извештајот и мониторинг. Со донесување на Одлуката за спроведување на СОЖС од страна на Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад и нејзино објавување и официјално/формално започна постапката за СОЖС.

СОЖС Извештајот дава приказ на корелацијата помеѓу целите на стратегиската оцена со целите на РПУО, како и со целите на националните плански документи, Директивите на ЕУ и релевантни меѓународни конвенции.

2) Краток преглед на РПУО, предмет, визија и цели на РПУО, анализа на алтернативи
Презентер: г-дин Теофанис Лолос, тим лидер на Проектот

Г-дин Лолос истакна дека целта на Проектот е да се изработи Регионален план за управување со отпад за источниот плански регион кој опфаќа 11 општини. Во проектот ќе биде дополнително вклучена и општина Свети Николе, но заради бројот на жители, не се очекуваат големи разлики во досегашните наоди.

Во првата фаза од проектот беше изработен Извештај за оцена каде е анализирана тековната состојба со отпадот во Регионот, а особено акцент е ставен на постоечките депонии (11 општински депонии кои не се усогласени со барањата на ЕУ и 71 дива депонија). Проблемот со управувањето со отпадот е директно поврзано со постоењето на овие депонии, а со имплементација на новиот план се очекува овие диви депонии да бидат затворени и рехабилитирани. Истовремено, со овој извештај е анализирано количеството на генериран отпад и квалитетот, за што на терен се спроведени директни мерења.

Главната цел на РПУО е усогласување со законодавните барања (односно постигнување пред ќе на целите за рециклирање, како и целите за биоразградлив отпад, односно пренасочување на овој отпад од депониите). Особено внимание се посветува на хиерархијата за управување со отпад, односно приоритетите: 1) превенција-да се спречи создавањето отпад; 2) повторна

употреба; 3) рециклирање; 4) други форми на енергетска преработка и на последно место доаѓа 5) отстранување на отпадот на депонија.

Со РПУО се разработени 4 главни опции, кои меѓу себе главно се разликуваат по начинот на собирање на отпадот и начинот на третман на истиот, а постојат елементи кои се исти за сите сценарија (пр. основање собирни места). Сите сценарија беа презентирани во повеќе детали, при што акцент се стави на главното/препорачано сценарио-S3b. Сценариото S3b опфаќа:

- Собирање-систем за собирање во две канти (канта за отпад кој може да се рециклира и канта за остатоци), собирни места, одделно собирање на зелен отпад,
- Третман на кантата со отпад кој може да се рециклира-Инсталација за преработка на материјали (MRF),
- Третман на кантата со остатоци од отпад-Механичко-биолошка стабилизација (MBS),
- Третман на зелен отпад-Компостирање во бразди-отворено компостирање,
- Третман на местото на создавање: Домашно компостирање,
- Депонија за остатоците од отпадот.

Покрај анализата за исполнување на законодавните барања, направена е економска анализа на оперативните и инвестициските трошоци, како и тарифи/надоместоци кои граѓаните треба да ги покријат заради имплементација на овој систем, односно финансиската достапност на граѓаните. Исто така, во РПУО е направена категоризација на депониите според ризикот, односно постојат високо, средно и нискоризични депонии и пресметани се трошоците за санација на истите.

Заради избор на преферирано сценарио, се користи мулти-критериумски пристап со 4 главни групи критериуми (законодавни, еколошки, технички и финансиски) со под-критериуми. Врз основа на овој пристап, направени се три анализи, односно: 1) со еднаква вредност на сите критериуми, 2) фокусирање на технолошките и економските критериуми и 3) фокусирање на правните и еколошките критериуми. Во сите три анализи, сценариото S3b секогаш се јавува како преферирано.

Понатаму, беше презентиран Акцискиот план поделен во следните периоди:
а) Приоритетни мерки за период до три години (2015-2017): дизајнирање на проектот, спроведување на физибилити студија, тендерска документација, подигнување на јавната свест, набавка на главната опрема за собирање и транспорт на отпадот.
б) Краткорочни мерки за период до пет години (-2019): завршување на изградбата на приоритетна инфраструктура (инсталација за преработка на материјали, собирни места, претоварни станици, постројка за МБС) и санација на постојните депонии.
в) Среднорочни мерки за период од шест до десет години (2020-2024): ревизија на РПУО и дополнителни промени на инсталациите во согласност со барањата на законодавството.
г) Долгорочни мерки за период подолг од десет години (-2042): замена на старата опрема за собирање, транспорт и третман на отпад и сл.

3) Карактеристики на животната средина во подрачјата кои би биле значително засегнати и состојба без имплементација на Планот, области кои се од посебно значење за животната средина, од аспект на заштита на дивите птици и хабитатите, цели на СОЖС;
4) Анализа на алтернативите од аспект на животната средина;
5) Можни значајни влијанија врз животната средина, мерки за намалување, мониторинг план и препораки.
Презентер: Јулијана Никова, овластен експерт за СОЖС

Во Извештајот за СОЖС идентификувани се влијанијата врз животната средина од постојниот систем за управување со отпад во регионот. Без имплементација на РПУО ќе продолжат состојбите, трендовите и заканите врз животната средина и здравјето на населението предизвикани од сегашниот начин на управување со отпад.

Целите на заштитата на животната средина се изразени преку целите на стратегиска оцена на животната средина, а тоа се: подобрување на условите за живот на населението; заштита и унапредување на биолошката разновидност, природното наследство, квалитетот на водата, квалитетот, квантитетот и функцијата на почвата, материјалните добра, културното наследство, подобрување на квалитетот на воздухот и намалување на емисиите на стаклснички гасови и зачувување на пределските карактеристики и заштита на пределот насекаде, а особено во назначените подрачја.

Покрај споредбата помеѓу Сценариото „Да не се прави ништо“ и сценаријата S3b, S2 и S1a, направена е споредба на опциите од предложените сценарија S3b, S2 и S1a.

Врз основа на анализата утврдено е дека Сценариото S3b има поголеми придобивки и најмали негативни влијанија врз животната средина во споредба со останатите сценарија. Истовремено, Сценариото S3b е идентификувано како преферирано сценарио и во РПУО и истото преку мулти-критериумскиот пристап покажува најдобри резултати во согласност со законодавните, еколошките, технолошките и економските критериуми.

Од имплементацијата на преферираното сценарио S3b, врз кое се темели идниот систем за управување со отпадот во Регионот и санација на постојните општински и диви депонии се очекуваат позитивни и негативни влијанија.

Меѓу позитивните, идентификувани се: подобрување на состојбите во животната средина, здравјето на населението и економски придобивки; обезбедување на подобра искористеност на материјалите и намалување на потребата за депонии; воведување одделно собирање на отпадот во две канти; добивање компост со добар квалитет, намалување на отпадот на депонија, намалување на депониските гас и стаклеиичките гасови; можност за добивање рециклирани материјали кои може да се продаваат, потоа производ слични на компост–CLO, како и високо калорично цврсто гориво (SRF) кое може да се користи во цементната индустрија; можно производство на енергија од согорување на депониски гас; санација на постоечки општински и диви депонии; отворање можности за вработување на населението и сл.

Потенцијалните негативни влијанија врз животната средина и здравјето на населението предизвикани од предложените опции и активности се поврзани со: генерирање прашина, био аеросоли, емисии од транспорт, депониски гас и гасови од горење на депониски гас, мирис, бактерии и штетници, разнесување на отпад, непријатност од бучава; исцедок, отпадни води и потенцијално загадени атмосферски води, несакани истекувања; визуелни нарушувања; можност за појава на пожар и експлозии и сл. Негативните влијанија се можни во случај на: несоодветен избор на локација за поставување на капацитетите за управување со отпад, несоодветни мерки за намалување/избегнување на влијанијата, несоодветно одржување на процесите и капацитетите и во случај на несреќи. Сите капацитети за управување со отпад ќе работат во согласност со ИСКЗ дозволата, така што не се очекуваат значителни негативни влијанија од имплементација на предложените опции и активности. Можните негативни влијанија врз животната средина и здравјето на населението се оценуваат како занемарливи

или со мал до среден интензитет на локално ниво и истите треба да се намалат со примена на соодветни мерки. Само влијанијата врз квалитетот на воздухот предизвикани од транспорт на отпадот се оценуваат како значителни влијанија на регионално ниво.

За намалување на негативните влијанија од имплементацијата на Сценариото S3b и санација на депониите, Извештајот за СОЖС предвидува соодветни мерки и препораки.

Дел од препораките предложени со Извештајот за СОЖС се:

- Да се следи практикуваниот пример на соработка и да се продолжи со процесите на планирање и СОЖС, паралелно, во тесна соработка меѓу тимот на проектот и главните инволвирани субјекти.
- Да се воспостават ефективни институционални и организациони структури во сите фази на реализација на новиот интегриран систем за управување со отпадот (на локално и регионално ниво).
- Во следните фази на ниво на проект сите елементи од препорачаното сценарио да бидат дополнително анализирани со цел да се воспостави систем кој ќе биде технички и финансиски изводлив.
- При избор на локации за поставување на капацитетите за управување со комунален отпад во регионот, неопходно е да се избегнат националните и меѓународните заштитени и назначени подрачја.
- Сите предвидени капацитети за управување со отпадот треба да се лоцираат близу еден до друг или на иста локација, за да се избегне широко влијание врз пределот и знаменитостите на повеќе локалитети, што се смета за позитивен пристап од аспект на заштита на животната средина.
- Од добрите практики на управување со отпад, презентирани во РПУО, во контекст на постојната социо-економска и географска состојба, за конкретниот регион, треба да се избере најдобрата опција за собирање и транспорт на отпад (со идна Физибилити студија).
- Со оглед на тоа што транспортот и транспортните рути можат значително да влијаат врз медиумите од животната средина, се препорачува во следните фази на проектот (Физибилити студија и ОВЖС) да се изврши дополнителна анализа на локации за поставување на претоварна станица и да се предложи најдоброто решение за овој регион.

Во текот на реализацијата на активностите предвидени во РПУО, важно е, на ниво на проект, да се земат предвид следните аспекти:

- Сите идни капацитети да бидат предмет на постапки за ОВЖС и ИСКЗ.
- При идентификацијата на локациите за поставување на капацитетите за управување со отпад за собирање, рециклирање, искористување и отстранување, да се избегнуваат заштитени или назначени подрачја во природата, блиски подрачја со површински и подземни води, чувствителни почвени подрачја, културни и туристички подрачја, како и станбени зони.
- Во следната фаза на спроведување на Проектот, ќе биде неопходно да се анализира можната нееднаквост во пристапот до услугите за различни корисници за рециклирање во рамките на Регионот.

- Користењето на земјиште за капацитетите за управување со отпад треба да се сведе на минимум.
- Да се зајакне соработката во однос на размена на податоци и достапност до информациите за спроведување на планските активности, меѓу секторите во локалните самоуправи, регионот и централното ниво.
- Изборот на местото за локација за поставување на капацитетите за управување со отпад треба да се направи, врз основа на неколку критериуми, како што се: критериуми за заштита на животната средина, геолошки, технички и економски критериуми.

Од особена важност за целата постапка на изработка на РПУО и постапката за СОЖС е информирање на јавноста и нејзино активно вклучување. Јавноста е вклучена од самиот почеток на спроведување на постапката за СОЖС, односно при утврдување на потребата од спроведување на СОЖС. Исто така, на јавната расправа уште еднаш беше укажано дека нацрт РПУО и нацрт Извештајот за СОЖС се достапни на јавен увид во периодот од 30.05.2014 година до 30.06.2014 година. Коментари можат да се достават по пошта или на презентираната email адреса.

ДИСКУСИЈА

Со оглед дека немаше забелешки во врска со нацрт РПУО и нацрт Извештајот за СОЖС, г-ѓа Никова им се заблагодари на присутните и јавната расправа заврши во 15:30 часот.

ПРИЛОЗИ

Прилог 1: Агенда за јавната расправа
Прилог 2: Листа на учесници


ПРИЛОГ 1

Дневен ред за јавна расправа

бр.	Тема	Презентер	Времетраење
	I. Вовед		
1.	Поздравен говор и претставување на присутните	Ана Каранфилова Мазневска и Живка Михајлова	14:00-14:10
	II. Презентација на содржината на Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина (14:10 – 15:00)		
2.	Вовед во Стратегиската оцена на животната средина (СОЖС): Цели и задачи на СОЖС, Правна рамка со која се регулира постапката на СОЖС, Интегрирање на постапките за подготовка на РПУО и СОЖС, СОЖС Методологија, Определување на потребата и обемот на СОЖС и учество на јавноста, Корелација на целите на РПУО со целите на други национални релевантни стратегии, планови и програми	Јулијана Никова	14:10-14:15
3.	Краток преглед на РПУО, предмет, визија и цели на РПУО, анализа на алтернативи	Теофанис Лолос	14:15-14:30
4.	Карактеристики на животната средина во подрачјата кои би биле значително засегнати и состојба без имплементација на Планот, области кои се од посебно значење за животната средина, од аспект на заштита на дивите птици и хабитатите, цели на СОЖС	Јулијана Никова	14:30-14:45
5.	Анализа на алтернативите од аспект на животната средина	Јулијана Никова	14:45-14:50
6.	Можни значајни влијанија врз животната средина, мерки за намалување, мониторинг план и препораки	Јулијана Никова	14:50-15:00
	III. Дискусија		
7.	Дискусија-заклучни согледувања	сите	до 16:00

ПРИЛОГ 2

Листа на учесници на јавната расправа



СПИСОК НА ПРИСУТНИ

На јавна расправа по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Регионален план за управување со отпад во Источен плански регион, Инструмент за претпристапна помош (ИПА) на Европската Унија (EuropeAid/130400/D/SER/MK)

Одржана на ден 17.06.2014 во Делчево

Р.бр.	Име и презиме	Институција	Телефон	Потпис
1.	Васе Митровски	О.У. „Кирило Пејчиновиќ“ И. Планинца	078 485 108	
2.	Горан Николовски	Општина Делчево	091/215-209	
3.	Васко Јаковски	Општина Берово	071/827-065	
4.	Зоран Неделковски	Општина Берово	071/626-549	
5.	Јованка Атанасова	Општина Делчево	071 805 588	
6.	Николина Петрова Лаврова	ЕЛС Делчево	072 316 521	
7.	Стојанка Димитрова	Општина Делчево	032/67-139	
8.	Александра Спасовска	Општина Делчево	071/273-929	
9.				
10.				

СПИСОК НА ПРИСУТНИ

На јавна расправа по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Регионален план за управување со отпад во Источен планski регион, Инструмент за претпристапна помош (ИПА) на Европската Унија (EuropeAid/130400/D/SER/MK)

Одржана на ден 17.06.2014 во Делчево

Р.бр.	Име и презиме	Институција	Телефон	Потпис
1.	Дијана Јанкова	ДЕКОНС ЕМА, Скопје	078250672	
2.	ELENI TERMIADI	ENVIROPLAN S.A.	+302106105127	
3.	GEORGIOS LITAS	ENVIROPLAN S.A.	+302106105127	
4.	Theofanis Lolos	ENVIROPLAN S.A.	+302106105127	
5.	Искра Бојаџиева	ДЕКОНС ЕМА	078 701260	
6.	Виолета Стојчановска	ДЕКОНС ЕМА Скопје	078 252 680	
7.	IRENA Apostolova	ENVIROPLAN S.A.		

Записник од јавна расправа во општина Кочани



Инструмент за претпристапна помош
на Европската Унија (ИПА)

Подготовка на регионални планови за управување со отпад и стратегиски оцени на животната средина за источниот и североисточниот регион

Записник од јавна расправа
18.06.2014 година
Кочани

EuropeAid/130400/D/SER/MK

Овој проект е финансиран од Европската Унија

ENVIROPLAN S.A.
Consultants & Engineers

Проект имплементиран од ENVIROPLAN S.A. и партнери од конзорциумот

Предмет:	**Записник од јавна расправа по Нацрт Извештајот за статегиска оцена на животната средина (СОЖС Извештај) и Нацрт Регионалниот план за управување со отпад за источниот плански регион**
Датум:	18.06.2014 година
Време:	14-16 часот
Локација:	Кочани (за општините: Кочани, Виница и Зрновци)

Листа на учесници

Реден број	Име и презиме	Организација/институција
1.	Живка Михајлова	Стручна служба на Регионалниот одбор за управување со одпад во источен плански регион
2.	Ристо Николовски	Општина Кочани
3.	George Litas	Enviroplan S.A.
4.	Катерина Атанасова	ЦЈЗ-Кочани, Општа болница Кочани, ЗД. Берово
5.	Симо Јангеловски	ЈП Солидарност-Виница
6.	Методи Николов	Општина Зрновци
7.	Мирче Паунов	КЈП Водовод, Кочани
8.	Владо Филипов	Општина Кочани
9.	Влатко Дроздовски	Општина Кочани
10.	Благоја Николов	Општина Кочани
11.	Дијана Апостолова	Општина Кочани
12.	Александар Велков	Општина Кочани
13.	Лета Георгиевска	Општина Кочани
14.	Eleni Ieremiadi	Enviroplan S.A.
15.	Theofanis Lolos	Enviroplan S.A.
16.	Горјан Темелковски	Enviroplan S.A.
17.	Ирена Апостолова	Enviroplan S.A.
18.	Искра Стојанова	Деконс Ема
19.	Јулијана Никова	Деконс Ема

Дневниот ред за јавната расправа е даден во Прилог 1 на овој записник.

ВОВЕД

Јавната расправа ја отвори и истата ја водеше г-ѓа Живка Михајлова, Раководител на стручната служба на Регионалниот одбор за управување со отпад во источен плански регион. Таа ги поздрави присутните и објасни дека целта на јавната расправа е презентирање на наодите од нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина (Извештај за СОЖС) и Нацрт Регионалниот план за управување со отпад за источниот плански регион (РПУО).

ПРЕЗЕНТАЦИИ

1) Вовед во Стратегиската оцена на животната средина (СОЖС): Цели и задачи на СОЖС, Правна рамка со која се регулира постапката на СОЖС, Интегрирање на постапките за подготовка на РПУО и СОЖС, СОЖС Методологија, Определување на потребата и обемот на

СОЖС и учество на јавноста, Корелација на целите на РПУО со целите на други национални релевантни стратегии, планови и програми
Презентер: г-ѓа Јулијана Никова, овласент експерт за СОЖС

Во рамките на оваа точка од дневниот ред, г-ѓа Никова истакна дека Извештајот за СОЖС е дел од целата постапка за подготовка на Регионалниот план за управување со отпад, како и обврска која произлегува од Законот за животната средина. Стратегиската оцена на животната средина (СОЖС) е систематски процес во кој се земаат предвид одредени превентивни мерки, кои овозможуваат заштита на животната средина од сите можни аспекти, во процесот на планирање или донесување на одлуки на ниво на „стратегиски акции“ или политики, планови и програми. Целта на СОЖС е да обезбеди информации за значителните влијанија врз животната средина од имплементација на Планот и истите да бидат достапни до донесувачите на одлуки, во текот на подготовката на Планот и пред неговото донесување. Особено важен аспект е вклучување на јавноста во целата постапка на изработка на Регионалниот план за управување со отпад и постапката за СОЖС, со цел да се чујат ставовите на граѓаните во врска со предложените сценарија и начинот на управување со отпад. За таа цел, се изработува и Извештај од консултации со јавноста.

Постапката за СОЖС е дефинирана со Директивата за стратегиска оцена на животната средина(2001/42/ЕС) која е транспонирана во Поглавје X од Законот за животната средина и соодветни подзаконски акти. Истата се спроведува паралелно со подготовката на Планот. Интегрирањето на двата процеси е постигнато преку блиска соработка и вклученост на проектниот тим (СОЖС и РПУО), надзорниот одбор, договорните органи и одговорните тела за техничка имплементација и мониторинг на Планот во сите фази, преку преглед на литература, разгледување на технички и политички опции, преглед на состојбата во животната средина и оцена на опциите/сценаријата, утврдување на потребата и обемот на СОЖС, консултации со јавноста итн.

Методологијата за спроведување Стратегиска оцена на животната средина ги вклучува следните чекори: утврдување на потребата и обемот на СОЖС, подготовка на Извештај за СОЖС, консултации со јавноста, прифаќање на Извештајот и мониторинг. Со донесување на Одлуката за спроведување на СОЖС од страна на Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад и нејзино објавување и официјално/формално започна постапката за СОЖС.

СОЖС Извештајот дава приказ на корелацијата помеѓу целите на стратегиската оцена со целите на РПУО, како и со целите на националните плански документи, Директивите на ЕУ и релевантни меѓународни конвенции.

2) Краток преглед на РПУО, предмет, визија и цели на РПУО, анализа на алтернативи
Презентер: г-дин Теофанис Лолос, тим лидер на Проектот

Г-дин Лолос истакна дека целта на Проектот е да се изработи Регионален план за управување со отпад за источниот плански регион кој опфаќа 11 општини. Во проектот ќе биде дополнително вклучена и општина Свети Николе, но заради бројот на жители, не се очекуваат големи разлики во досегашните наоди.

Во првата фаза од проектот беше изработен Извештај за оцена каде е анализирана тековната состојба со отпадот во Регионот, а особено акцент е ставен на постоечките депонии (11 општински депонии кои не се усогласени со барањата на ЕУ и 71 дива депонија). Проблемот со

управувањето со отпадот е директно поврзано со постоењето на овие депонии, а со имплементација на новиот план се очекува овие диви депонии да бидат затворени и рехабилитирани. Истовремено, со овој извештај е анализирано количеството на генериран отпад и квалитетот, за што на терен се спроведени директни мерења.

Главната цел на РПУО е усогласување со законодавните барања (односно постигнување пред ќе на целите за рециклирање, како и целите за биоразградлив отпад, односно пренасочување на овој отпад од депониите). Особено внимание се посветува на хиерархијата за управување со отпад, односно приоритетите: 1) превенција-да се спречи создавањето отпад; 2) повторна употреба; 3) рециклирање; 4) други форми на енергетска преработка и на последно место доаѓа 5) отстранување на отпадот на депонија.

Со РПУО се разработени 4 главни опции, кои меѓу себе главно се разликуваат по начинот на собирање на отпадот и начинот на третман на истиот, а постојат елементи кои се исти за сите сценарија (пр. основање собирни места). Сите сценарија беа презентирани во повеќе детали, при што акцент се стави на главното/препорачано сценарио-S3b. S3b опфаќа:

- Собирање-систем за собирање во две канти (канта за отпад кој може да се рециклира и канта за остатоци), собирни места, одделно собирање на зелен отпад,
- Третман на кантата со отпад кој може да се рециклира-Инсталација за преработка на материјали (MRF),
- Третман на кантата со остатоци од отпад-Механичко-биолошка стабилизација (MBS),
- Третман на зелен отпад-Компостирање во бразди-отворено компостирање,
- Третман на местото на создавање: Домашно компостирање,
- Депонија за остатоците од отпадот.

Покрај анализата за исполнување на законодавните барања, направена е економска анализа на оперативните и инвестициските трошоци, како и тарифи/надоместоци кои граѓаните треба да ги покријат заради имплементација на овој систем, односно финансиската достапност на граѓаните. Исто така, во РПУО е направена категоризација на депониите според ризикот, односно постојат високо, средно и нискоризични депонии и пресметани се трошоците за санација на истите.

Заради избор на преферирано сценарио, се користи мулти-критериумски пристап со 4 главни групи критериуми (законодавни, еколошки, технички и финансиски) со под-критериуми. Врз основа на овој пристап, направени се три анализи, односно: 1) со еднаква вредност на сите критериуми, 2) фокусирање на технолошките и економските критериуми и 3) фокусирање на правните и еколошките критериуми. Во сите три анализи, сценариото S3b секогаш се јавува како преферирано.

Понатаму, беше презентиран Акцискиот план поделен во следните периоди:
а) Приоритетни мерки за период до три години (2015-2017): дизајнирање на проектот, спроведување на физибилити студија, тендерска документација, подигнување на јавната свест, набавка на главната опрема за собирање и транспорт на отпадот.
б) Краткорочни мерки за период до пет години (-2019): завршување на изградбата на приоритетна инфраструктура (инсталација за преработка на материјали, собирни места, претоварни станици, постројка за МБС) и санација на постојните депонии.
в) Среднорочни мерки за период од шест до десет години (2020-2024): ревизија на РПУО и дополнителни промени на инсталациите во согласност со барањата на законодавството.

г) Долгорочни мерки за период подолг од десет години (-2042): замена на старата опрема за собирање, транспорт и третман на отпад и сл.

3) Карактеристики на животната средина во подрачјата кои би биле значително засегнати и состојба без имплементација на Планот, области кои се од посебно значење за животната средина, од аспект на заштита на дивите птици и хабитатите, цели на СОЖС;
4) Анализа на алтернативите од аспект на животната средина;
5) Можни значајни влијанија врз животната средина, мерки за намалување, мониторинг план и препораки.
Презентер: Јулијана Никова, овластен експерт за СОЖС

Во Извештајот за СОЖС идентификувани се влијанијата врз животната средина од постојниот систем за управување со отпад во регионот. Без имплементација на РПУО ќе продолжат состојбите, трендовите и заканите врз животната средина и здравјето на населението предизвикани од сегашниот начин на управување со отпад.

Целите на заштитата на животната средина се изразени преку целите на стратегиска оцена на животната средина, а тоа се: подобрување на условите за живот на населението; заштита и унапредување на биолошката разновидност, природното наследство, квалитетот на водата, квалитетот, квантитетот и функцијата на почвата, материјалните добра, културното наследство, подобрување на квалитетот на воздухот и намалување на емисиите на стакленички гасови и зачувување на пределските карактеристики и заштита на пределот насекаде, а особено во назначените подрачја.

Покрај споредбата помеѓу Сценариото „Да не се прави ништо“ и сценаријата S3b, S2 и S1a, направена е споредба на опциите од предложените сценарија S3b, S2 и S1a.

Врз основа на анализата утврдено е дека Сценариото S3b има поголеми придобивки и најмали негативни влијанија врз животната средина во споредба со останатите сценарија. Истовремено, Сценариото S3b е идентификувано како преферирано сценарио и во РПУО и истото преку мулти-критериумскиот пристап покажува најдобри резултати во согласност со законодавните, еколошките, технолошките и економските критериуми.

Од имплементацијата на преферираното сценарио S3b, врз кое се темели идниот систем за управување со отпадот во Регионот и санација на постојните општински и диви депонии се очекуваат позитивни и негативни влијанија.

Меѓу позитивните, идентификувани се: подобрување на состојбите во животната средина, здравјето на населението и економски придобивки; обезбедување на подобра искористеност на материјалите и намалување на потребата за депонии; воведување одделно собирање на отпадот во две канти; добивање компост со добар квалитет, намалување на отпадот на депонија, намалување на депониското гас и стакленичките гасови; можност за добивање рециклирани материјали кои може да се продаваат, потоа производ слични на компост–CLO, како и високо калорично цврсто гориво (SRF) кое може да се користи во цементната индустрија; можно производство на енергија од согорување на депониски гас; санација на постоечки општински и диви депонии; отворање можности за вработување на населението и сл.

Потенцијалните негативни влијанија врз животната средина и здравјето на населението предизвикани од предложените опции и активности се поврзани со: генерирање прашина, био аеросоли, емисии од транспорт, депониски гас и гасови од горење на депониски гас, мирис, бактерии и штетници, разнесување на отпад, непријатност од бучава; исцедок, отпадни води и потенцијално загадени атмосферски води, несакани истекувања; визуелни нарушувања; можност за појава на пожар и експлозии и сл. Негативните влијанија се можни во случај на: несоодветен избор на локација за поставување на капацитетите за управување со отпад, несоодветни мерки за намалување/избегнување на влијанијата, несоодветно одржување на процесите и капацитетите и во случај на несреќи. Сите капацитети за управување со отпад ќе работат во согласност со ИСКЗ дозволата, така што не се очекуваат значителни негативни влијанија од имплементација на предложените опции и активности. Можните негативни влијанија врз животната средина и здравјето на населението се оценуваат како занемарливи или со мал до среден интензитет на локално ниво и истите треба да се намалат со примена на соодветни мерки. Само влијанијата врз квалитетот на воздухот предизвикани од транспорт на отпадот се оценуваат како значителни влијанија на регионално ниво.

За намалување на негативните влијанија од имплементацијата на Сценариото S3b и санација на депониите, Извештајот за СОЖС предвидува соодветни мерки и препораки.

Дел од препораките предложени со Извештајот за СОЖС се:

- Да се следи практикуваниот пример на соработка и да се продолжи со процесите на планирање и СОЖС, паралелно, во тесна соработка меѓу тимот на проектот и главните инволвирани субјекти.
- Да се воспостават ефективни институционални и организациони структури во сите фази на реализација на новиот интегриран систем за управување со отпадот (на локално и регионално ниво).
- Во следните фази на ниво на проект сите елементи од препорачаното сценарио да бидат дополнително анализирани со цел да се воспостави систем кој ќе биде технички и финансиски изводлив.
- При избор на локации за поставување на капацитетите за управување со комунален отпад во регионот, неопходно е да се избегнат националните и меѓународните заштитени и назначени подрачја.
- Сите предвидени капацитети за управување со отпадот треба да се лоцираат близу еден до друг или на иста локација, за да се избегне широко влијание врз пределот и знаменитостите на повеќе локалитети, што се смета за позитивен пристап од аспект на заштита на животната средина.
- Од добрите практики на управување со отпад, презентирани во РПУО, во контекст на постојната социо-економска и географска состојба, за конкретниот регион, треба да се избере најдобрата опција за собирање и транспорт на отпад (со идна Физибилити студија).
- Со оглед на тоа што транспортот и транспортните рути можат значително да влијаат врз медиумите од животната средина, се препорачува во следните фази на проектот (Физибилити студија и ОВЖС) да се изврши дополнителна анализа на локации за поставување на претоварна станица и да се предложи најдоброто решение за овој регион.

Во текот на реализацијата на активностите предвидени во РПУО, важно е, на ниво на проект, да се земат предвид следните аспекти:

- Сите идни капацитети да бидат предмет на постапки за ОВЖС и ИСКЗ.
- При идентификацијата на локациите за поставување на капацитетите за управување со отпад за собирање, рециклирање, искористување и отстранување, да се избегнуваат заштитени или назначени подрачја во природата, блиски подрачја со површински и подземни води, чувствителни почвени подрачја, културни и туристички подрачја, како и станбени зони.
- Во следната фаза на спроведување на Проектот, ќе биде неопходно да се анализира можната нееднаквост во пристапот до услугите за различни корисници за рециклирање во рамките на Регионот.
- Користењето на земјиште за капацитетите за управување со отпад треба да се сведе на минимум.
- Да се зајакне соработката во однос на размена на податоци и достапност до информациите за спроведување на планските активности, меѓу секторите во локалните самоуправи, регионот и централното ниво.
- Изборот на местото за локација за поставување на капацитетите за управување со отпад треба да се направи, врз основа на неколку критериуми, како што се: критериуми за заштита на животната средина, геолошки, технички и економски критериуми.

Од особена важност за целата постапка на изработка на РПУО и постапката за СОЖС е информирање на јавноста и нејзино активно вклучување. Јавноста е вклучена од самиот почеток на спроведување на постапката за СОЖС, односно при утврдување на потребата од спроведување на СОЖС. Исто така, на јавната расправа уште еднаш беше укажано дека нацрт РПУО и нацрт Извештајот за СОЖС се достапни на јавен увид во периодот од 30.05.2014 година до 30.06.2014 година. Коментари можат да се достават по пошта или на презентираната email адреса.

ДИСКУСИЈА

Со оглед дека немаше забелешки во врска со нацрт РПУО и нацрт Извештајот за СОЖС, г-ѓа Михајлова им се заблагодари на присутните и истакна дека од сите јавни расправи ќе се изработат записници и заедно со Извештајот за консултации со јавноста ќе се достават до Министерството за животна средина и просторно планирање.

ПРИЛОЗИ

Прилог 1: Агенда за јавната расправа
Прилог 2: Листа на учесници

ПРИЛОГ 1

Дневен ред за јавна расправа

бр.	Тема	Презентер	Времетраење
	I. Вовед		
1.	Поздравен говор и претставување на присутните	Ана Каранфилова Мазневска и Живка Михајлова	14:00-14:10
	II. Презентација на содржината на Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина (14:10 – 15:00)		
2.	Вовед во Стратегиската оцена на животната средина (СОЖС): Цели и задачи на СОЖС, Правна рамка со која се регулира постапката на СОЖС, Интегрирање на постапките за подготовка на РПУО и СОЖС, СОЖС Методологија, Определување на потребата и обемот на СОЖС и учество на јавноста, Корелација на целите на РПУО со целите на други национални релевантни стратегии, планови и програми	Јулијана Никова	14:10-14:15
3.	Краток преглед на РПУО, предмет, визија и цели на РПУО, анализа на алтернативи	Теофанис Лолос	14:15-14:30
4.	Карактеристики на животната средина во подрачјата кои би биле значително засегнати и состојба без имплементација на Планот, области кои се од посебно значење за животната средина, од аспект на заштита на дивите птици и хабитатите, цели на СОЖС	Јулијана Никова	14:30-14:45
5.	Анализа на алтернативите од аспект на животната средина	Јулијана Никова	14:45-14:50
6.	Можни значајни влијанија врз животната средина, мерки за намалување, мониторинг план и препораки	Јулијана Никова	14:50-15:00
	III. Дискусија		
7.	Дискусија-заклучни согледувања	сите	до 16:00

ПРИЛОГ 2

Листа на учесници на јавната расправа

СПИСОК НА ПРИСУТНИ

На јавна расправа по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Регионален план за управување со отпад во Источен плански регион, Инструмент за претпристапна помош (ИПА) на Европската Унија (EuropeAid/130400/D/SER/MK)

Одржана на ден 18.06.2014 во Кочани

Р.бр.	Име и презиме	Институција	Телефон	Потпис
1.	Јасмина Михајловска	Стручна соработничка за регионалниот проект за управување со отпад во Источен плански регион	074 246493	
2.	Филип Николовски	Општина Кочани	072/275-600	
3.	George Litas	ENVIROPLAN S.A.	+306977234600	
4.	Катерина Атанасова	ЦЈЗ. Кочани, Одсек за јавно здравје Кочани, ул. „Берово“ бр.	070-950-612	
5.	Симо Данчевски	ЈП Комунална хигиена	075-472-474	
6.	Методи Николов	општина Зрновци	075-389-545	
7.	Марче Лазов	КЈП „Водовод“ Кочани	071/215-235	
Р.бр.	Име и презиме	Институција	Телефон	Потпис
8.	Владо Данилов	општина Кочани	072/306-094	
9.	Благко Дроздовски	Општина Кочани	072/275-628	

Р.бр.	Име и презиме	Институција	Телефон	Потпис
10.	Благоја Николов	Општина Кочани	076/397-059	
11.	Лидија Апостолова	Општина Кочани	072/225-608	
12.	Александар Велков	Општина Кочани	076/397-053	
13.	Лепа Георгиевска	Општина Кочани	070/250-694	
14.	ELENI IEREMIADI	ENVIROPLAN S.A.	+30 2106105127	
15.	THEOFANIS LOLOS	ENVIROPLAN S.A.	+30 2106105127	
16.	Goran Jankovski	ENVIROPLAN S.A.	021 340 298	
17.	Irena Apostolova	Enviroplan S.A.		
18.	Искра Стојанова	ДЕКОНС ЕНА	078 702260	
19.	Јулијана Нинова	ДЕКОНС ЕНА	078 252677	

Записник од јавна расправа во општина Штип



Инструмент за претпристапна помош
на Европската Унија (ИПА)

Подготовка на регионални планови за управување со отпад и стратегиски оцени на животната средина за источниот и североисточниот регион

Записник од јавна расправа
19.06.2014 година
Штип

EuropeAid/130400/D/SER/MK

Овој проект е финансиран од Европската Унија

ENVIROPLAN S.A.
Consultants & Engineers

Проект имплементиран од ENVIROPLAN S.A. и партнери од конзорциумот

„Подготовка на регионални планови за управување со отпад и стратегиски оцени на животната средина за источниот и североисточниот регион“
(EuropeAid/130400/D/SER/MK)
Записник од јавна расправа-Штип

Предмет:	**Записник од јавна расправа по Нацрт Извештајот за статегиска оцена на животната средина (СОЖС Извештај) и Нацрт Регионалниот план за управување со отпад за источниот плански регион**
Датум:	19.06.2014 година
Време:	10-12:30 часот
Локација:	Штип (за општините: Штип, Пробиштип, Чешиново-Облешево, Карбинци и Свети Николе)

Листа на учесници

Реден број	Име и презиме	Организација/институција
1.	Искра Стојанова	Деконс Ема
2.	Маја Зенделска	Делегација на ЕУ
3.	м-р Софче Трајкова	Општина Штип
4.	Стефче Пејчиновски	Општина Свети Николе
5.	Драган Ѓоргиов	ЗГ Симбиоза
6.	Theofanis Lolos	Enviroplan SA.
7.	Georgios Litos	Enviroplan SA.
8.	Eleni Ieremiadi	Enviroplan SA.
9.	Љубомир Иванов	Агроном-Пензионер
10.	Саше Ладев	ЈП Исар Штип
11.	Борис Панов	ЈП Исар Р.Е
12.	Бранко Горгиев	ЈП Исар Штип
13.	Кирил Јорданов	Општина Штип
14.	Игор Јанев	ЈПКД Облешево–Чешиново-Облешево
15.	Борче Сандев	Општина Чешиново-Облешево
16.	Тони Геров	Општина Пробиштип
17.	Весна Зенделова	Општина Карбинци
18.	Јорданка Калаџиџеска	Еколошко друштво Виножито
19.	Даниела Хаџи Николова	ЈП Стипион 2011 Штип
20.	Горјан Темелковски	Enviroplan S.A.
21.	Дарко Шумански	ЈП Македонски Шуми, ШС. Серта-Штип
22.	Дипл.инженер технолог Шаклев Јорданчо	Општина Штип, стручен соработник за текстилен кластер и ЗПР во конфек.
23.	Силвана Николова	Раководител Општина Штип
24.	Гордана Баток	ЈП Стипион 2011 Штип
25.	Стојанова Снежана	ЈП Стипион 2011 Штип
26.	Соња Китанова	Раководител на одделение за комунални дејности Општина Штип
27.	Влатко Панов	Општина Штип
28.	Ирена Апостолова	Enviroplan S.A.
29.	Елена Арсова	Општина Штип
30.	Живка Михајлова	Стручна служба на Регионалниот одбор за УО во ИПР
31.	Јулијана Никова	Деконс Ема

Дневниот за јавната расправа е даден во Прилог 1 на овој записник.

ВОВЕД

Јавната расправа ја отвори и истата ја водеше г-ѓа Живка Михајлова, Раководител на стручната служба на Регионалниот одбор за управување со отпад во источен плански регион. Таа ги поздрави присутните и објасни дека целта на јавната расправа е презентирање на наодите од нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина (Извештај за СОЖС) и Нацрт Регионалниот план за управување со отпад за источниот плански регион (РПУО).

Во продолжение, на присутните им се обрати г-дин Илчо Захариев, градоначалник на општина Штип. Тој укажа дека во претходниот период се работеше на изработка на Регионалните планови за управување со отпад за источниот и североисточниот плански регион. Целта е да се изнајдат најдобри начини за управување со отпадот и искористување на придобивките од истиот, што од своја страна ќе придонесе за подобрување на состојбата на медиумите и состојбите во животната средина, а со тоа директно позитивно ќе се влијае врз животот и здравјето на луѓето.

ПРЕЗЕНТАЦИИ

1) Вовед во Стратегиската оцена на животната средина (СОЖС): Цели и задачи на СОЖС, Правна рамка со која се регулира постапката на СОЖС, Интегрирање на постапките за подготовка на РПУО и СОЖС, СОЖС Методологија, Определување на потребата и обемот на СОЖС и учество на јавноста, Корелација на целите на РПУО со целите на други национални релевантни стратегии, планови и програми
Презентер: г-ѓа Јулијана Никова, овласент експерт за СОЖС

Во рамките на оваа точка од дневниот ред, г-ѓа Никова истакна Извештајот за СОЖС е дел од целата постапка за подготовка на Регионалниот план за управување со отпад, како и обврска која произлегува од Законот за животната средина. Стратегиската оцена на животната средина (СОЖС) е систематски процес во кој се земаат предвид одредени превентивни мерки, кои овозможуваат заштита на животната средина од сите можни аспекти, во процесот на планирање или донесување на одлуки на ниво на „стратегиски акции“ или политики, планови и програми. Целта е да се обезбедат информации за значителните влијанија врз животната средина од имплементација на Планот и истите да бидат достапни до донесувачите на одлуки, во текот на подготовката на Планот и пред неговото донесување. Особено важен аспект е вклучување на јавноста во целата постапка на изработка на Регионалниот план за управување со отпад и постапката за СОЖС, со цел да се чујат ставовите на граѓаните во врска со предложените сценарија и начинот на управување со отпад. За таа цел, се изработува и Извештај од консултации со јавноста.

Постапката за СОЖС е дефинирана со Директивата за стратегиска оцена на животната средина(2001/42/ЕС) која е транспонирана во Поглавје X од Законот за животната средина и соодветни подзаконски акти. Истата се спроведува паралелно со подготовката на Планот. Интегрирањето на двата процеси е постигнато преку блиска соработка и вклученост на проектниот тим (СОЖС и РПУО), надзорниот одбор, договорните органи и одговорните тела за техничка имплементација и мониторинг на Планот во сите фази, преку преглед на литература, разгледување на технички и политички опции, преглед на состојбата во животната средина и оцена на опциите/сценаријата, утврдување на потребата и обемот на СОЖС, консултации со јавноста итн.
Методологијата за спроведување Стратегиска оцена на животната средина ги вклучува следните чекори: утврдување на потребата и обемот на СОЖС, подготовка на Извештај за

СОЖС, консултации со јавноста, прифаќање на Извештајот и мониторинг. Со донесување на Одлуката за спроведување на СОЖС од страна на Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад и нејзино објавување и официјално/формално започна постапката за СОЖС.

СОЖС Извештајот дава приказ на корелацијата помеѓу целите на стратегиската оцена со целите на РПУО, како и со целите на националните плански документи, Директивите на ЕУ и релевантни меѓународни конвенции.

2) Краток преглед на РПУО, предмет, визија и цели на РПУО, анализа на алтернативи
Презентер: г-дин Теофанис Лолос, тим лидер на Проектот

Г-дин Лолос истакна дека целта на Проектот е да се изработи Регионален план за управување со отпад за источниот плански регион кој опфаќа 11 општини. Во проектот ќе биде дополнително вклучена и општина Свети Николе, но заради бројот на жители, не се очекуваат големи разлики во досегашните наоди.

Во првата фаза од проектот беше изработен Извештај за оцена каде е анализирана тековната состојба со отпадот во Регионот, а особено акцент е ставен на постоечките депонии (11 општински депонии кои не се усогласени со барањата на ЕУ и 71 дива депонија). Проблемот со управувањето со отпадот е директно поврзано со постоењето на овие депонии, а со имплементација на новиот план се очекува овие диви депонии да бидат затворени и рехабилитирани. Истовремено, со овој извештај е анализирано количеството на генериран отпад и квалитетот, за што на терен се спроведени директни мерења.

Главната цел на РПУО е усогласување со законодавните барања (односно постигнување пред ќе на целите за рециклирање, како и целите за биоразградлив отпад, односно пренасочување на овој отпад од депониите). Особено внимание се посветува на хиерархијата за управување со отпад, односно приоритетите: 1) превенција-да се спречи создавањето отпад; 2) повторна употреба; 3) рециклирање; 4) други форми на енергетска преработка и на последно место доаѓа 5) отстранување на отпадот на депонија.

Со РПУО се разработени 4 главни опции, кои меѓу себе главно се разликуваат по начинот на собирање на отпадот и начинот на третман на истиот, а постојат елементи кои се исти за сите сценарија (пр. основање собирни места). Сите сценарија беа презентирани во повеќе детали, при што акцент се стави на главното/препорачано сценарио-S3b. S3b опфаќа:

- Собирање-систем за собирање во две канти (канта за отпад кој може да се рециклира и канта за остатоци), собирни места, одделно собирање на зелен отпад,
- Третман на кантата со отпад кој може да се рециклира-Инсталација за преработка на материјали (MRF),
- Третман на кантата со остатоци од отпад-Механичко-биолошка стабилизација (MBS),
- Третман на зелен отпад-Компостирање во бразди-отворено компостирање,
- Третман на местото на создавање: Домашно компостирање,
- Депонија за остатоците од отпадот.

Покрај анализата за исполнување на законодавните барања, направена е економска анализа на оперативните и инвестициските трошоци, како и тарифи/надоместоци кои граѓаните треба да ги покријат заради имплементација на овој систем, односно финансиската достапност на граѓаните. Исто така, во РПУО е направена категоризација на депониите според ризикот,

односно постојат високо, средно и нискоризични депонии и пресметани се трошоците за санација на истите.

Заради избор на преферирано сценарио, се користи мулти-критериумски пристап со 4 главни групи критериуми (законодавни, еколошки, технички и финансиски) со под-критериуми. Врз основа на овој пристап, направени се три анализи, односно: 1) со еднаква вредност на сите критериуми, 2) фокусирање на технолошките и економските критериуми и 3) фокусирање на правните и еколошките критериуми. Во сите три анализи, сценариото S3b секогаш се јавува како преферирано.

Понатаму, беше презентиран Акцискиот план поделен во следните периоди:
а) Приоритетни мерки за период до три години (2015-2017): дизајнирање на проектот, спроведување на физибилити студија, тендерска документација, подигнување на јавната свест, набавка на главната опрема за собирање и транспорт на отпадот.
б) Краткорочни мерки за период до пет години (-2019): завршување на изградбата на приоритетна инфраструктура (инсталација за преработка на материјали, собирни места, претоварни станици, постројка за МБС) и санација на постојните депонии.
в) Среднорочни мерки за период од шест до десет години (2020-2024): ревизија на РПУО и дополнителни промени на инсталациите во согласност со барањата на законодавството.
г) Долгорочни мерки за период подолг од десет години (-2042): замена на старата опрема за собирање, транспорт и третман на отпад и сл.

3) Карактеристики на животната средина во подрачјата кои би биле значително засегнати и состојба без имплементација на Планот, области кои се од посебно значење за животната средина, од аспект на заштита на дивите птици и хабитатите, цели на СОЖС;
4) Анализа на алтернативите од аспект на животната средина;
5) Можни значајни влијанија врз животната средина, мерки за намалување, мониторинг план и препораки.
Презентер: Јулијана Никова, овластен експерт за СОЖС

Во Извештајот за СОЖС идентификувани се влијанијата врз животната средина од постојниот систем за управување со отпад во регионот. Без имплементација на РПУО ќе продолжат состојбите, трендовите и заканите врз животната средина и здравјето на населението предизвикани од сегашниот начин на управување со отпад.

Целите на заштитата на животната средина се изразени преку целите на стратегиска оцена на животната средина, а тоа се: подобрување на условите за живот на населението; заштита и унапредување на биолошката разновидност, природното наследство, квалитетот на водата, квалитетот, квантитетот и функцијата на почвата, материјалните добра, културното наследство, подобрување на квалитетот на воздухот и намалување на емисиите на стаклени гасови и зачувување на пределските карактеристики и заштита на пределот насекаде, а особено во назначените подрачја.

Покрај споредбата помеѓу Сценариото „Да не се прави ништо“ и сценаријата S3b, S2 и S1a, направена е споредба на опциите од предложените сценарија S3b, S2 и S1a.

Врз основа на анализата утврдено е дека Сценариото S3b има поголеми придобивки и најмали негативни влијанија врз животната средина во споредба со останатите сценарија. Истовремено, Сценариото S3b е идентификувано како преферирано сценарио и во РПУО и

истото преку мулти-критериумскиот пристап покажува најдобри резултати во согласност со законодавните, еколошките, технолошките и економските критериуми.

Од имплементацијата на преферираното сценарио S3b, врз кое се темели идниот систем за управување со отпадот во Регионот и санација на постојните општински и диви депонии се очекуваат позитивни и негативни влијанија.

Меѓу позитивните, идентификувани се: подобрување на состојбите во животната средина, здравјето на населението и економски придобивки; обезбедување на подобра искористеност на материјалите и намалување на потребата за депонии; воведување одделно собирање на отпадот во две канти; добивање компост со добар квалитет, намалување на отпадот на депонија, намалување на депониските гас и стакленичките гасови; можност за добивање рециклирани материјали кои може да се продаваат, потоа производ слични на компост–CLO, како и високо калорично цврсто гориво (SRF) кое може да се користи во цементната индустрија; можно производство на енергија од согорување на депониски гас; санација на постоечки општински и диви депонии; отворање можности за вработување на населението и сл.

Потенцијалните негативни влијанија врз животната средина и здравјето на населението предизвикани од предложените опции и активности се поврзани со: генерирање прашина, био аеросоли, емисии од транспорт, депониски гас и гасови од горење на депониски гас, мирис, бактерии и штетници, разнесување на отпад, непријатност од бучава; исцедок, отпадни води и потенцијално загадени атмосферски води, несакани истекувања; визуелни нарушувања; можност за појава на пожар и експлозии и сл. Негативните влијанија се можни во случај на: несоодветен избор на локација за поставување на капацитетите за управување со отпад, несоодветни мерки за намалување/избегнување на влијанијата, несоодветно одржување на процесите и капацитетите и во случај на несреќи. Сите капацитети за управување со отпад ќе работат во согласност со ИСКЗ дозволата, така што не се очекуваат значителни негативни влијанија од имплементација на предложените опции и активности. Можните негативни влијанија врз животната средина и здравјето на населението се оценуваат како занемарливи или со мал до среден интензитет на локално ниво и истите треба да се намалат со примена на соодветни мерки. Само влијанијата врз квалитетот на воздухот предизвикани од транспорт на отпадот се оценуваат како значителни влијанија на регионално ниво.

За намалување на негативните влијанија од имплементацијата на Сценариото S3b и санација на депониите, Извештајот за СОЖС предвидува соодветни мерки и препораки.

Дел од препораките предложени со Извештајот за СОЖС се:

- Да се следи практикуваниот пример на соработка и да се продолжи со процесите на планирање и СОЖС, паралелно, во тесна соработка меѓу тимот на проектот и главните инволвирани субјекти.
- Да се воспостават ефективни институционални и организациони структури во сите фази на реализација на новиот интегриран систем за управување со отпадот (на локално и регионално ниво).
- Во следните фази на ниво на проект сите елементи од препорачаното сценарио да бидат дополнително анализирани со цел да се воспостави систем кој ќе биде технички и финансиски изводлив.

- При избор на локации за поставување на капацитетите за управување со комунален отпад во регионот, неопходно е да се избегнат националните и меѓународните заштитени и назначени подрачја.
- Сите предвидени капацитети за управување со отпадот треба да се лоцираат близу еден до друг или на иста локација, за да се избегне широко влијание врз пределот и знаменитостите на повеќе локалитети, што се смета за позитивен пристап од аспект на заштита на животната средина.
- Од добрите практики на управување со отпад, презентирани во РПУО, во контекст на постојната социо-економска и географска состојба, за конкретниот регион, треба да се избере најдобрата опција за собирање и транспорт на отпад (со идна Физибилити студија).
- Со оглед на тоа што транспортот и транспортните рути можат значително да влијаат врз медиумите од животната средина, се препорачува во следните фази на проектот (Физибилити студија и ОВЖС) да се изврши дополнителна анализа на локации за поставување на претоварна станица и да се предложи најдоброто решение за овој регион.

Во текот на реализацијата на активностите предвидени во РПУО, важно е, на ниво на проект, да се земат предвид следните аспекти:

- Сите идни капацитети да бидат предмет на постапки за ОВЖС и ИСКЗ.
- При идентификацијата на локациите за поставување на капацитетите за управување со отпад за собирање, рециклирање, искористување и отстранување, да се избегнуваат заштитени или назначени подрачја во природата, блиски подрачја со површински и подземни води, чувствителни почвени подрачја, културни и туристички подрачја, како и станбени зони.
- Во следната фаза на спроведување на Проектот, ќе биде неопходно да се анализира можната нееднаквост во пристапот до услугите за различни корисници за рециклирање во рамките на Регионот.
- Користењето на земјиште за капацитетите за управување со отпад треба да се сведе на минимум.
- Да се зајакне соработката во однос на размена на податоци и достапност до информациите за спроведување на планските активности, меѓу секторите во локалните самоуправи, регионот и централното ниво.
- Изборот на местото за локација за поставување на капацитетите за управување со отпад треба да се направи, врз основа на неколку критериуми, како што се: критериуми за заштита на животната средина, геолошки, технички и економски критериуми.

Од особена важност за целата постапка на изработка на РПУО и постапката за СОЖС е информирање на јавноста и нејзино активно вклучување. Јавноста е вклучена од самиот почеток на спроведување на постапката за СОЖС, односно при утврдување на потребата од спроведување на СОЖС. Исто така, на јавната расправа уште еднаш беше укажано дека нацрт РПУО и нацрт Извештајот за СОЖС се достапни на јавен увид во периодот од 30.05.2014 година

до 30.06.2014 година. Коментари можат да се достават по пошта или на презентираната email адреса.

ДИСКУСИЈА

Во продолжение, беше отворена дискусија:

Коментар бр. 1 (Јорданка Калајџијеска): Г-ѓа Калајџијеска истакна дека на отпадот треба да се гледа и како на економски ресурс, што подразбира придобивки од истиот. Од таа причина, треба приоритет да му се даде на Сценариото S4 затоа што поединечно би требало сите отпадни материјали да се рециклираат соодветно. Исто така, таа истакна дека еколошкото друштво, заради искуството кое го има во оваа област, треба да се вклучи во едукација на населението.

Одговор (Живка Михајлова): На отпадот навистина треба да се гледа и како на економски ресурс. Од друга страна, едукацијата на јавноста постои како активност во постапката на изработка на РПУО и истата е предвидена и во следните чекори.

Одговор (Теофанис Лолос): Сите сценарија кои ги исполнуваат целите се прифатливи и сите можат да се применат. Меѓутоа, Сценариото S3b покажува најдобри резултати во согласност со законодавните, еколошките, технолошките и економските критериуми. Во државата се применува системот за собирање на отпадот во една канта, додека со примена на преферираното сценарио ќе се имплементира систем на собирање на отпадот во две канти. Овој систем кога ќе ја постигне својата стабилност, полесно ќе може да се прилагоди на системот на собирање на отпадот во три канти, односно не ја исклучува можноста за имплементација на Сценариото S4 во иднина.

Коментар бр. 2 (Љупчо Иванов): Домашното компостирање е навистина позитивна придобивка од отпадот и истата е практикувана од земјоделците во регионот, но во мали размери. Истовремено, се произведуваат различни видови компост. Од таа причина, се препорачува во следните неколку години да се направи истражување кој вид на компост е најдобар и најбаран. Во тој случај, регионот ќе биде подготвен за идните планирани активности за компостирање.

Одговор (Живка Михајлова): Ова е навистина прифатлив предлог и истиот треба да се примени не само во РПУО, туку и во останатите идни плански документи.

По дискусијата, јавната расправа заврши во 12:30 часот.

ПРИЛОЗИ

Прилог 1: Агенда за јавната расправа

Прилог 2: Листа на учесници

ПРИЛОГ 1

Дневен ред за јавна расправа

бр.	Тема	Презентер	Времетраење
	I. Вовед		
1.	Поздравен говор и претставување на присутните	Ана Каранфилова Мазневска и Живка Михајлова	10:00-10:10
	II. Презентација на содржината на Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина (10:10 – 11:00)		
2.	Вовед во Стратегиската оцена на животната средина (СОЖС): Цели и задачи на СОЖС, Правна рамка со која се регулира постапката на СОЖС, Интегрирање на постапките за подготовка на РПУО и СОЖС, СОЖС Методологија, Определување на потребата и обемот на СОЖС и учество на јавноста, Корелација на целите на РПУО со целите на други национални релевантни стратегии, планови и програми	Јулијана Никова	10:10-10:15
3.	Краток преглед на РПУО, предмет, визија и цели на РПУО, анализа на алтернативи	Теофанис Лолос	10:15-10:30
4.	Карактеристики на животната средина во подрачјата кои би биле значително засегнати и состојба без имплементација на Планот, области кои се од посебно значење за животната средина, од аспект на заштита на дивите птици и хабитатите, цели на СОЖС	Јулијана Никова	10:30-10:45
5.	Анализа на алтернативите од аспект на животната средина	Јулијана Никова	10:45-10:50
6.	Можни значајни влијанија врз животната средина, мерки за намалување, мониторинг план и препораки	Јулијана Никова	10:50-11:00
	III. Дискусија		
7.	Дискусија-заклучни согледувања	сите	до 12:00

ПРИЛОГ 2

Листа на учесници на јавната расправа

СПИСОК НА ПРИСУТНИ

На јавна расправа по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Регионален план за управување со отпад во Источен плански регион, Инструмент за претпристапна помош (ИПА) на Европската Унија (EuropeAid/130400/D/SER/MK)

Одржана на ден Штип во 19.06.2014

Р.бр.	Име и презиме	Институција	Телефон	Потпис
1.	Искра Стојанова	ДЕКОНС ЕНА	078 70 22 60	
2.	МАЈА ЈЕНАЕВСКА	ЕУ АДЕПЕНЧИЈА	3248 700	
3.	м-р Сашче Трајковиќ	Општина Штип	078/476-519	
4.	Стевчо Пејчиновски	Општина Свети Николе	071/240-259	
5.	Антон Ѓорѓиев	ЗЕ Семејство	070 423 193	
6.	THEOFANO LOLO	ENVIROPLAN SA	0030 6932346687	
7.	Georgios Lithos	ENVIROPLAN S.A.	+306972975660	
Р.бр.	Име и презиме	Институција	Телефон	Потпис
8.	ELENI IERENIADI	ENVIROPLAN S.A.	+302106105127	
9.	Љубомир Кѓанов	Агрокон - пензионер	078-397-301	

Р.бр.	Име и презиме	Институција	Телефон	Потпис
10.	Саше Лазев	ЈП Исар - Штип	078-473-035	
11.	Борис Панов	Ј.П. „ИСАР“ - АД.	078/342 990	
12.	Бранко Горчев	ЈП. „ИСАР“ - Штип	078/482 - 520	
13.	Јакуп Јорданов	Општина - Штип	070/550-800	
14.	Игор Ванев	ЈКЈ „Одделение“ - Чешиново- Облешево	078/290-594	
15.	Борче Сашев	Општина Чешиново - Облешево	077-704-272	
16.	Тони Геров	Општина Пробиштип	071-246 459	
17.	Весна Зенделова	Општина Карбинци	042/275-504	
18.	Јордanka Кадиевска	Еколошко друштво „Виножит“ Штип и Карбинци	078.473-630	
19.	Даниела Хаџи Николова	ЈП "Стандард 2011" Штип	078-476-548	
20.	Благој Темелковски	Enviroplan S.A.	044 340-298	

21.	Дарко Шуманоски	ЈП „Македонски Шуми“ ШС „Серта“ - Штип	070 319 001	
22.	Димитар Шопкаров	Општина Штип Стручен соработник за животна средина и ЗЗП во комунал.	070 509876	
23.	Силвана Николова	Раководител Одсек Штип	078-422-618	
24.	Горданка Байчик	ЈП "Стобски 2011" Штип	078-473-122	
25.	Сашо Стојанов	ЈП "Стобски 2011" Штип	078-476-546	

Р.бр.	Име и презиме	Институција	Телефон	Потпис
26.	Соња Кулакова	Регионална единица за управување со цврсти комунални отпадни води Рег. Штип	078/472-616	
27.	Васко Попов	општина Штип	078/470-470	
28.	Елена Арабаз	Општина Струмица	078-472-703	
29.	Ирена Атанасова	Enviroplan SA.	070 531363	
30.	Лилјана Михајлова	Општина Свети Николе - регионалниот одбор за ЗЖО по ЦНР	071 246 493	
31.	Јулијана Ацева	ДЕКОНС ЕМА	070 252677	

ДОГОВОРЕН ОРГАН

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
Сектор за централно финансирање и склучување на договори

Адреса: Даме Груев бр. 14, 100 Скопје
website: http:/cfcd.finance.gov.mk

КОРИСНИЦИ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Адреса: Бул. „Горце Делчев“ бр. 18,
МРТВ зграда (кат 10, 11, 12)
1000 Скопје
Тел: +389 3 251 400
Факс: +389 3 220 165
e-mail: infoeko@moepp.gov.mk
website: www.moepp.gov.mk

ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Адреса: Ванчо Прке119,
2 кат, 2000 Штип
Тел: +389 32 386408/412
Факс: +389 32 386 409
e-mail: eastregion@rdc.mk
website: www.rdc.mk/eastregion

СЕВЕРОИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Адреса: Илинденска б.б.,
1300 Куманово,
П. Факс 182
Тел/Факс: +389 31 424 878
e-mail: info@northeastregion.gov.mk
website: www.northeastregion.gov.mk

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на ENVIROPLAN S.A. и нејзините конзорциумски партнери C&E Consulting und Engineering GmbH - BT Engineering Ltd. и на никаков начин не ги рефлектира гледиштата на Европската Унија.